Ние во Алма-М веќе 32-ра година сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети и високи стандарди за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.

објавува **ОГЛАС** за следната работна


**Алма – М ДООЕЛ**
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk


| | |
|---|---|
| Позиција: | **БАРИСТА Buondi АМБАСАДОР** |
| Датум на објава: | 10 Април 2023 |
| Рок за пријавување до: | 23 Април 2023 |
| Број на оглас: | О-230410-НП-БА |
| Сектор: | Продажба |
| Регион: | СКОПЈЕ |

Доколку имате страст за квалитетно кафе и сте посветени на одлична услуга за клиенти, може да дејствувате како амбасадор на BOUNDI ESPRESSO брендот, со презентација и подготовка на различни видови на кафе.

**Работни задачи:**

- Информирање клиенти за прашања поврзани со кафе и одговара на нивни прашања во врска со состојки и начин на припрема,
- Едуцирање на клиенти за кафе, за компанијата и област на работа.
- Внимава на детали (на пр. преференции за мешавина од кафе, млечни производи и соодност на шеќер)
- Подготвува и послужува кафиња по рецепти.
- Обезбедува врвно искуство на клиенти.
- Се грижи за хигиена на апаратура и просторија за презентации.
- Проверува дали опремата за подготовка работи правилно и пријавува потреби за нејзино одржување.
- Почитува прописи за здравје и безбедност на храна.
- Дава повратни информации од клиентите до менаџери и препорачува нови активности.

**Потребни квалификации и вештини**:

- Завршено средно образование,
- Комерцијални вештини, презентациски вештини и преговарачки вештини,
- Флексибилност – бидејќи ноќите, викендите и празниците се дел од работата,
- Независно решавање проблеми,
- Практично искуство со опрема за подготовка на кафе,
- Основни математички вештини,
- Способност да се проценат преференциите на клиентите,
- Одлично познавање на англиски јазик,
- Возачка дозвола - категорија Б и подготвеност за активно возење,
- Компјутерска писменост: Познавање и работа со MS Office,
- Анализа на податоци и пишување на извештаи,
- Капацитет да формира долгорочни односи со клиенти,
- Упорност, посветеност и подготвеност за работа долги часови,
- Одлична комуникација и професионално однесување,
- Организирана, мотивирана и стабилна личност,
- Динамичност, проактивност и насоченост кон резултати,
- Способност за индивидуална и тимска работа,
- Истрајност во испорачување на резултати во брзо движечка околина,
- Позитивен однос кон промени.

**Потребно искуство**:

Претходно работно искуство како Бариста.

**Работни услови:**

- Работниот однос се заснова на определено време од 1 месец (период на докажување на способности), со можност за продолжување.
- Дневно работно време е од 08.00-16.00 часот од понеделник до петок.

Сите што ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја достават на следната е-пошта:
vrabotuvanje@alma-m.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

**Напомена:**

- **САМО** кандидат(к)ите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Рок во кој ќе се изврши изборот со интервјуирање – доколку на огласов се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

*АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој секогаш е спремен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.*